НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр 76/22
15.08 202 2 год

**ОД: Пливачки клуб Вардар 2018**

**ДО: Национална пливачка федерација**
**УО на НПФ**

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА МЕДИТЕРАНСКО ПРВЕНСТВО
## КОМЕН КУП ОД 03-05 ЈУНИ 2022 ГОДИНА ВО ЛИМАСОЛ, КИПАР

1. На ден 02.06.2022 година тренерот Горан Стаменов од ПК Вардар 2018 како тренер на делегацијата заедно со пливачот Никола Ѓуретановиќ од пк Вардар 2018 и пливачката Сара Јанковиќ од пк Скопје отпатуваа на Медитеранско првенство –Комен КУП во Лимасол, Кипар и беа сместени во Park Beach Hotel. Трошоците беа подмирени од страна на пливачите и истите платија по 1.300,00 евра за сместувањето вклучувајќи лет, патни трошоци и хотел.
2. По пристигнувањето тренерот делегат Горан Стаменов беше присутен на состанок за тренери кој се одржа во 19:00 часот на ден 02.05.2022 година.
3. Пливачите се натпреваруваа во следниве дисциплини:
   - Никола Ѓуретановиќ: 200 м слободно и 400 м слободно;
   - Сара Јанковиќ: 200 м слободно, 400 м слободно и 800 м слободно.

   Трките беа распоредени во неколку дела. Резултатите на пливачите се следни:

   - **Никола Ѓуретановиќ: 200 м слободно, време: 01:58: 78 освоени бодови: 633 400 м слободно: 04:11:48, освоени бодови 670.На 200 м слободно заврши на 9то место на натпреварот, а на 400 м слободно заврши на 10то место на натпреварот.**
   - **Сара Јанковиќ: 200 м слободно, време: 02.12.19 освоени бодови: 624 400 м слободно: 04:29:75 освоени бодови: 673. На 200 м слободно заврши на 6то место на натпреварот, а на 400 м слободно заврши на 4то место на натпреварот.**
4. Тимската атмосфера беше одлична а пливачите беа дисциплинирани и работеа по задачите кои им беа зададени. По завршување на натпреварите за време на ручек во хотелот, во неврзан разговор помеѓу пливачката Сара Јанковиќ и пливачот Никола Ѓуретановиќ, Сара Јанковиќ му се обрати на пливачот Никола Ѓуретановиќ со зборовите: „ Јас мислев дека ти си се допингувал и сеуште се допингуваш“ и на што се надоврза тренерот Горан Стаменов кој ја праша пливачката Сара од каде и се тие информации и зошто мисли така? На што таа одговори дека подолго време таквите наводи ги слушала во нејзиниот клуб ПК Скопје односно од децата- пливачите од ПК Скопје. Тренерот Горан Стаменов и објасни на Сара дека сето тоа што го слушала е шпекулација и обид да се оцрни успехот на Никола и на останатите деца од ПК Вардар

2018. По разговорот со тренерот Горан Стаменов, Сара Јанковиќ кажа дека сега и е многу појасно дека се тоа што го зборувале во клубот во однос на допинг за Никола и за останатите деца од пк Вардар 2018 не е вистина.

Во однос на ваквите клевети тренерот Горан Стаменов има реагирано после натпреварот во Ниш во декември 2021 година и има укажано на тренерот Иван Банов од ПК Скопје да разговара со неговите пливачи и нивните родители за да не доаѓа до вакви ситуации односно да не се шират вакви лаги клевети и шпекулации. Но, од декември 2021 година до јуни 2022 година ( до Комен КУП), гледаме дека сеуште се шират такви лаги. Од овој разговор произлегува дека пк Скопје шири лаги, клевети со кои му штети на пк ВАРДАР 2018 со намера да го омаловажи и обезвредни успехот на Никола Ѓуретановиќ и успехот на останатите пливачи во клубот како и да придонесе за штетни последици за пк ВАРДАР 2018.

5. Согласно горенаведеното ја молам Национална пливачка федерација со цел расчистување на ваквите лаги и шпекулации да ги повикаат претставниците на ПК Скопје и пливачите заедно со родителите на разговор-состанок по кој би се донела одлука за ваквото однесување за да може да се надминат вакви несоодветни однесувања и да надминат со цел напредок на пливањето во државата.

**<u>Скопје</u>**

**Тренер- Делегат Горан Стаменов**

Горан Стаменов